Денко СКАЛОВСКИ

УДК: 141.134.073-027.511

# ХЕГЕЛ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА
## Укинување на посебноста[1]

***Кратка содржина***

*Во есејот се обидуваме да покажеме дека Хегеловиот дијалектички поим на посебност, заедно со поимите на единечност и општост, се релевантни во интерпретацијата на некои современи социјални процеси, каков што е, на пример, глобализацијата. Настојувајќи тоа да го докажеме, се запираме врз пет аспекти: 1. Поимот посебност кај Хегел; 2. Поимот глобализација; 3. Укинувањето на поимот посебност во поимот глобализација; 4. Философски консеквенци; и 5. Практични консеквенци.*

***Клучни зборови:*** *УМ, СТВАРНОСТ, ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ПОСЕБНОСТ, ДИЈАЛЕКТИКА*

## ВОВЕД

Би било крајно неумесно, препотентно и здодевно во еден краток текст како овој да се објаснува Хегеловиот поим на посебност (Besonderheit). Меѓутоа, во функција на мојот обид - пригодно хегелијански да протолкувам некои процеси во современиот свет, кои толку масовно и лаконски ги сумираме под тнр. поим на *глобализација,* - ќе ми дозволите да направам едно такво кратко потсетување. Инаку, нема смисла да се зборува за Хегел како за предизвик на современоста, а да не се направи обид за една мала хегелијанска херменевтика на актуелниот момент на современиот свет.

„Was vernünftig ist, das ist wirklich,
und vas wirklich ist, das ist vernünftig.“

(„Што е умно, тоа е стварно,
и што е стварно, тоа е умно.)

---

[1] Текстот е произлезен од моето кратко излагање на Денот на Философијата, во ноември 2006, а по повод 200 години од издавањето на Хегеловата‚Феноменологија на духот‘. Значи, текстот е напишан пред август 2008-та, која го означи почетокот на крајот на глобализацијата.

Тоа е уверувањето на секоја непристрасна свест, како и философија, па оттука таа тргнува во согледување, како на *духовниот*, така и на *природниот* универзум."[2]

(Хегел)

Без оваа Хегелова мисла, нема философирање во Хегелов дух. Значи, настојувајки да останеме во тој дух, а да *не* останеме на ниво на обична хегелијанска стилска вежба, ќе се запреме врз следните пет точки:

1. Поимот посебност кај Хегел;
2. Пимот глобализација;
3. Укинувањето на поимот посебност во поимот глобализација;
4. Философски консеквенци на укинувањето на поимот посебност;
5. Практични-стварносни консеквенци на укинувањето на поимот посебност во поимот глобализација.

* * *

1. Како едниот од трите клучни поими на Хегеловата позната дијалектичка тријадичност на сите мисловни и стварносни нешта (во случајов, заедно со општоста-Allgemeinheit и единечноста-Einzelheit) поимот посебност е конститутивен елемент на целиот дијалектички мисловно-стварносен систем, што значи дека тој, помалку или повеќе, го среќаваме во сите дела на Хегел; сепак, најмногу во неговата *Наука за логиката,* потоа *Енциклопедијата на философските науки,* и најпосле, во *Основните црти на философијата на правото.*

За посебноста Хегел најексплицитно зборува во *Науката за логиката.* Тој тука вели:

> „*Одреденоста* (Bestimmtheit) како таква му припаѓа на битието и на квалитативното; како одреденост на поимот таа е *посебност.* (...) Тоталитетот обзорува (erscheint), доколку одреденоста на посебноста се земе како обична *различност* (Verschiedenheit), како *целосност.* (…) Посебното е општото сâмо, но со таа разлика од, или однос кон, *другото*, што е тоа негово *обзорје кон надвор.*
>
> (…)
>
> Општоста и посебноста обзоруваат од една страна како моменти на настанувањето на единечноста. Меѓутоа, веќе е покажано, дека се тие, самите по

---

[2] Види Hegel, G.V.F. „Osnovne crte filozofije prava", Veselin Masleša-Svjetlost., Sarajevo, 1989. (стр. 17)

себе, тотален поим, со што во единечноста не преминуваат во другост, туку дека се тие веќе внатре во ова засадени (gesetzt) како по себе и за себе.“

И на крајот, зборувајки за живата индивидуа, Хегел вели: „Низ ова самоодредување *општиот* живот (или животот воопшто - заб. на Д.С.) е нешто посебно.“

Подоцна, во *Енциклпедијата на философските науки*, Хегел е веќе поекспliцитен и поконцизен:

> „Поимот како таков ги содржи моментите на општоста, како слободна еднаквост со себе самиот во нејзината одреденост, посебноста, (како) одреденост во која општото непоматено останува еднакво на себе самото,.... (...) Општоста, посебноста, единечноста, земени апстрактно, се исто што и идентитет, разлика и причина. Но општоста е со себе идентична изрично во она значење во кое е воедно содржана посебноста и единечноста.[3]

Наведувањето на вториот момент на поимот, одредувањето на она општо како *посебност*, е *разделување*, со оглед на нешто надворешно; а во *Основните црти на философијата на правото*, и како „многуструко посебно“.[4]

Гледаме дека Хегел, прво, посебноста насекаде експлицитно онтолошки ја врзува за општоста и единечноста, што е сосема логично познавајќи го неговиот дијалектички логички систем како метод, но, се разбира, едновремено и како начин на постоење, како панлогизам на Битието, Суштеството и Поимот (Sein, Wesen и Befrif);

Второ, гледаме дека Хегел посебноста насекаде ја смета за она што е различно, разделено, многуструко, но и она што е, едновремено, и одредено, и постојано (bestimmt).

2. Поминаувајќи на помот глобализација, преминуваме на теренот на стварноста (Virklichkeit); социјалната стварност, која тврди дека е умна (vernüftig), дека е умно скроена, дека е умен поредок; поредок кој е правично на-реден и по-реден, како наводно нов светски по-редок, а кој се повикува - ни помалку, ни повеќе - на Хегел. (Фукујама и неговите сличномисленици)

Како наводно умен поредок, или свет глобализиран по законите на умот (а повеќе личи на законите на без-умието), тој ја укинува посебноста

---

[3] Види Hegel, G.W.F., „Wissenschaft der Logik II", Werke 6, Suhrkam, Taschbuch Wissenzchaft, Frankfurt/M.,1986. (стр. 280-281,297,474)

[4] Види Hegel, G.W.F., „Enciklopedija filozofijskih znanosti", Veselin Masleša-Svjetlost, Sarajevo, 1987 (стр.155-156, 195)

во нејзините конкретни и практични-стварносни различни одредености, заменувајќи ги со општости: националната економија со мултинационални компании; националната држава, прогласена за диносаурус, а социјалната уништена, ја заменува со глобус империјалис; националната свест, како свест за одредена посебност - ја обвинува за националистичка.

Само националното, или националните *култури*, како одредени посебности, се поштедени и успеваат да преживеат, имено како мултикултурализам. Всушност, и главно, и тоа е демагогија преполна со парадокси, измислици, бесмислици и лажна грижа, а за прикривање на вистинските, глобализаторски намери за униформирање, *мекдоналдизација* на сите животни стилови и културни симболи.(Бек)

„Организацијата на Обединети нации", како обединети точно одредени посебности во една општост - меѓународна заедница, се укинуваат и се заменуваат со нова општост, „нешто како Обединета Кока Кола, или нешто слично на тоа".[5] Сметаме дека Улрих Бек е тука најблиску до вистината:

> „Глобализмот е мисловен вирус кој до сега ги погоди сите партии, сите уреднички оддели и сите институции. Главната точка на надежта не му е дека луѓето треба да имаат економски навики, туку дека секој и сè - политика, наука, култура - треба да й е подредено на примарноста на економијата. На некој начин, неолибералниот глобализам тука личи на неговиот непријател: марксизмот. Ова е повторно раѓање на марксизмот како менаџмент идеологија - еден вид економски New Age, обновено движење чии апостоли и пророци, наместо да шират летоци на подземни станици, проповедаат спас на светот во духот на пазарот.
>
> (...) Но, секој што мисли дека глобализацијата значи спроведување на *законите* на светскиот пазар, греши. Економската глобализација *не* е автоматски, механички процес; тоа е комплетен *политички проект* кој вклучува интернационални играчи, институции и дискурсни коалиции (Светска Банка, СТО, OECD, мултинационални и други интернационални организации) кои ја спроведуваат неолибералната економска политика."[6]

Доколку сепак некои посебности опстојуваат, тие се заменети со нови, од типот на хомосексуалците, феминистките, малцинските етнички енклави, и други посебности, кои се дискурзивно полесни, а социјално и политички помалку ризични.

---

[5] Исто, стр. 17.

[6] Види Бек, У., „Што е глобализација?", Тера Магика, Скопје, 2003.(стр. 203)

Од другата, пак, страна на посебноста, на страната на единечноста, се манифестира декларативен хуманизам, грижа за единечните, индивидуални човекови права (human rights), но овојпат со уништена *социјална* национална држава.

Така, на теренот на глобализираниот глобус остануваат општоста и единечноста; пазарот на транснационалниот капитал и слободните поединци, како вработени, или како резервна армија на невработени поединци - човечки ресурси (фран. resource- средство, резерва); општа маса на декласирани и а-национални единки, „ослободени“ од своите интереси како многу одредена посебност (на интереси). Значи, на посебноста, како на пример: работничка класа, нација, голема етничка група, национална држава, глобализацијата ѝ вели ЗБОГУМ. (Како што на времето Андре Горц се збогува со пролетаријатот, денес се збогуваме со националната држава; или, да не одиме далеку, негацијата на името „Република Македонија“ можеме да ја „поздравиме“ како обид за збогум на идентитетот и квалитетот на една одредена национална посебност.)

3. Укинувањето на поимот посебност е укинување на Хегеловата дијалектика воопшто, ео ипсо, на историјата воопшто, и на секоја философија, херменевтика на историјата - Хегелова, наша, и сечија.

Глобализацијата како поопштување и индивидуација, зад кои не се крие ништо друго туку „објективниот дух“ (не дај Боже да стане и „апсолутен“) на светскиот пазарен капитал и неговите единечни наемни зависници - *без дијалектичко посредништво на посебноста* - е первертирање на Хегеловата дијалектика, и философија воопшто, во банална, проѕирна, па дури и наивна идеолошка и дневнополитичка флоскула на неолиберализмот.

Укинувањето на посебното е укинување на целата дијалектика како таква, како на умот, така и на стварноста. Дијалектиката се прогласува за старомоден термин и се заменува со нови псевдодијалектички термини, како на пример: *парадокс, амбивалентност, екстаза* и сл. *Поимот* Историја се укинува во нејзиниот „пазарен“ метафизички „крај“, со сѐ „последниот“ човек и сета останата неолиберална лакрдијашка догматика. (Фукујама и неговите сличномисленици)

Глобализацијата не е хуманистички синтетички зафат, не е дијалектика која сака добронамерно да чува некакво единство на спротивности. Таа е растурачки зафат - кој растурањето сака да го контролира, манипулира, доминира, *експлоатира и профитира.* Но во последно време глобализацијата

станува зафат кој на зафаќачот не му поаѓа од рака, фолклорно кажано - есапот не му излегува на пазар. Главната причина е судирот и борба со Други зафаќачи.

4. Дијалектиката на стварноста, за среќа, се покажа како пожилава, повитална, отколку дијалектиката на умот. Таа, барем до сега во историјата, и по цена на огромни жртви и компромиси, секогаш успевала да открие серум против стварниот и мисловниот вирус. ДА, на сите ни треба малку глобализација, (Цепароски), ако заради ништо друго, тогаш заради компарација и здрава конкуренција на единечни и посебни квалитети. Но сепак НЕ, во својата суштина, глобализацијата е вирус. Да, „глобализмот е мисловен вирус", а глобализацијата е стварносен вирус, меѓу другото, и како „БЕГСТВО од категориите на националната држава".[7]

5. Најпосле, спонтаното настанување, но и свесното, намерно и умно создавање на новиот (а можеби и не толку нов) светски поредок на мултиполарност (засега само во скромна политичка форма на мултикултура или мултикултурализам).[8] - е нова појава на повеќе-посебност(и), плуралност на посебности, па и сопернички идеологии. Можеби тоа ќе бидат нови пандани на глобализацијата и можеби ќе ја вратат загубената надеж, загубената вера во закрепнувањето на дијалектиката како најголема моќ на умот, разумот и смислата, а до кои се доаѓа по пат на *дијалог* и *разбирање* (од Платон и Аристотел, преку Хегел и Маркс, до Левинас[8], Бодријар и останатите постомодернисти).

Потребна е нова, *глобална, но не и глобализирачка* моќ на дијалектичкиот ум на стварноста, можеби токму онаков светски ум каков што Хегел го замислувал и премногу идеалистички, и премногу „глобализирачки"[9];

---

[7] Исто, стр.153-154.

[8] Чарлс Тејлор, коментирајќи го ставот на Ентони Апаја, ќе го констатира следното: „Апаја го искажува идеалот за автономијата на поединецот, истражувајќи ја неговата непријатна врска со колективниот идентитет". Види Тејлор, Ч., Мултикултурализам, Огледи за политиката на признавање, Евро Балкан, 2004, (стр. X).
Апаја е сосема во право: многу е непријатно да си во врска со еден колективен идентитет, на пример Македонец/Македонка, при туристичка посета или шопинг во Солун - Егејска Македонија, пардон, Грција. Меѓутоа, непријатноста за овој Македонец/Македонка доаѓа од сосема други, за Апаја несфатливи и недоживеани причини. Ова не е цинизам, туку само гол историски и политички факт.

[9] „Човечката единка најнапред би требало да ја промислуваме во формалната рамка на нејзината припадност на еден род - човечкиот род. Таа е дел од целина која се дели на видови и се завршува со неделливо единство, со логички последниот идентиет на Поединецот, ситуиран помеѓу емпириските дадености, и препознатлив според детерминираните

дијалектички ум кој ќе биде доволно слободен и духовно моќен да се „носи“ со плуралноста на Другите слободни и моќни умови, и доволно „материјален“, за да ја врати надежта дека таа, стварноста, ќе се лечи од својата безумност, а со тоа ќе го лечи и Умот.

(Рецензент: *проф. д-р Владимир Давчев*)

Стручни термини (кај Хегел):

**Allgemeinheit** - општост
**Begrif** - поим
**Besonderheit** - посебност
**bestimmt** - постојано, веќе одредено
**Einzelheit** - единечно, поединечно
**erscheint** - обзорува, осамнува
**gesetz(t)** - засадено, вкоренето, (о)закон(ето)
**Sein** - битие,
**Vernünftig** - умно
**Verschiedenheit** - различност, разноликост
**Wesen** - суштество
**wirklich** - стварно, навистина

---

знаци на видот и времето каде што тоа единство се поставува како ‘бивствувачко’ во својата посебност, (подвлекол - Д.С.) која, според Аристотел, ‘единствено постои’,(подвлекол - Д.С.) надвор од идеалната или апстрактна егзистенција на родовите.“ Види Левинас, Е., Међу нама, Издавачка књижница Зорана Стојановића, Нови Сад, 1998, стр.241.

Denko SKALOVSKI

## HEGEL AND THE GLOBALIZATION

### Summary

In this essay we try to demonstrate that Hegel's dialectical concept of peculiarity, together with the concepts of generality and singularity, is relevant to interpret some contemporary processes in the world, such as – globalization. Trying to prove that such interpretation is possible, we have five points of view: 1. The concept of peculiarity at Hegel; 2. The concept of globalization; 3. The abolition of the concept of peculiarity in the concept of globalization; 4. Philosophical consequences; 5.Practical consequences. Our conclusion is that there is a need of a new dialectic of reason, and dialectic of reason and practice.

**Key words:** reason, reality, globalisation, peculiarity, dialectics